ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
СКОПСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

# ПОЛИТИКА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И СОЦИЈАЛНИ АСПЕКТИ

## 1. Вовед

Свесни сме за влијанието на нашето работење и на нашите активности врз животната средина. Исто така, свесни сме за заканата од климатските промени за просперитетот, социјалната правда и квалитетот на животот. Поради тоа, посветени сме на управувањето и минимизирањето на нашето влијание врз животната средина. Посветени сме на задоволување на националните и на меѓународните стандарди за регулирање на нашето влијание врз животната средина.

Центарот за развој на Скопскиот плански регион ги почитува еколошките и етички императиви при донесувањето одлуки за инвестициски вложувања.

## 2. Подрачје на примена

Центарот за развој на Скопскиот плански регион смета дека еколошката и социјалната одржливост е суштински аспект за остварување на резултати, коишто се во согласност со неговата активност и потврдува дека проектите, коишто поттикнуваат одржливост на животната и социјалната средина имаат највисоки приоритет во нејзините активности.

Центарот за развој на Скопскиот плански регион е посветен на разгледување, разбирање и минимизирање на опсегот на влијанија врз животната средина што произлегуваат од работењето и активностите.

Центарот за развој на Скопскиот плански регион е посветен на постојана едукација на вработените за добри еколошки практики и мотивација за вклучување во акции за заштита на животната средина.

Сите вработени во Центарот за развој на Скопскиот плански регион се свесни за оваа Политика и стратегијата за ублажување и адаптација на климатски промени.

## 3. Ублажување (митигација) и прилагодување (адаптација) на климатските промени

Под **ублажување (митигација)** на климатските промени се подразбира усвојување политики и преземање мерки за намалување или спречување на емисиите на стакленички гасови.

Одржливоста се однесува на начинот на кој луѓето ја користат природната средина - кога тоа го правиме на одржлив начин, тогаш тоа значи дека ги задоволуваме своите потреби без да ѝ наштетуваме на животната средина.

Главната цел на делот за ублажување на климатските промени е утврдување на потенцијалот за намалување на емисиите во клучните сектори за ублажување во регионот, а тоа се секторите снабдување со енергија, згради и транспорт. Во секторот индустрија нема предложени мерки, бидејќи тоа е специфична област во која градот не може да делува за намалување на потрошувачката на горива од кои зависи емисијата на стакленички гасови. Притоа е земено предвид дека заложбите да се поставуваат филтри, нема да влијаат врз намалување на емисиите на стакленички гасови.

Иницијативи за ублажување на климатските промени, кои ги поддржува Центарот за развој на Скопскиот плански регион се следните:

- ✓ Енергетска ефикасност - намалувањето на јаглеродот и енергетската ефикасност се меѓусебно поврзани. Потребно е топлинската и електрична енергија да се користат ефикасно, во сите активности поддржани со системите за управување со енергетска ефикасност и тековно следење на постигнувањата. Праксата на енергетска ефикасност е достапна во сите сектори, од индустрија и транспорт, до домаќинствата.

- ✓ Зелена енергија - префрлање на обновливи извори на енергија, кои се далеку подобри за животната средина, нема да се потрошат и не придонесуваат кон емисии на стакленички гасови.

- ✓ Паралелна обработка на алтернативни горива и суровини - употребата на алтернативни горива, кои предизвикуваат помало загадување со јаглерод или неутрални горива и алтернативни суровини овозможува намалување на употребата на необновливи ресурси. Паралелната обработка на различни текови на отпадот во проектните операции (биомаса, комунален отпад и др., материјали за инертен отпад) не е само еколошки одговорен и ефикасен начин за намалување на емисиите на јаглерод, туку воедно овозможува и решенија и се надоврзува на барањата на циркуларната економија.

- ✓ Рециклирње – паметно селектирање на отпад и негова преработка во корисни горива, вкусови и ароми, пластика, боја или лекови.

Можни политики и мерки за ублажување по клучните сектори за ублажување, кои ги поддржува Центарот за развој на Скопксиот плански регион се наведени во продолжение:

- Снабдување со енергија
  - поддршка за сончеви термални колектори за објекти
  - олеснувања за инсталирање сончеви термални колектори за домаќинства
  - намалување на загубите во дистрибуцијата на електрична енергија при проектните активности
  - поддршка на учество на биогоривата во транспортот и др.

- Згради
  - енергетски менаџмент на јавни објекти

- мерки за промена на навиките (кампања за подигање на јавната свест и информативни центри за енергетска ефикасност)
- стимулативни мерки за изградба на пасивни згради за домување
- иницијатива за гасификација на домаќинствата и комерцијалниот сектор
- поддршка на изградба на сообраќајници за скратување на патничките километри и др.

▪ Транспорт
  - изградба на градски и општински сообраќајници за скратување на патничките километри
  - подобрување на транспортот и развој на транспортната и комуникациската инфраструктура
  - иницијатива за набавка на хибридни и електрични возила
  - електрификација на транспортот (за возилата под надлежност на Градот, општините и јавните претпријатија, но и за возила во сопственост на граѓаните)
  - иницијатива за зголемено користење велосипеди, пешачење и денови без автомобили
  - поддршка за обнова на возниот парк (на пр. камион за миење на улиците) и др.

**Прилагодувањето (адаптацијата)** се стреми да ја избегне или да ја ублажи штетата предизвикана од промените на климата и да изнајде нови решенија, со цел луѓето да живеат и да напредуваат во новите климатски услови. Прилагодувањето кон климатските промени може да придонесе кон благосостојба на населението, достапност на средства и одржување на стоките и услугите во екосистемот, сега и во иднината.

Мерките за прилагодување во управувањето со ризиците произлезени од климатските промени, можат да содржат цела низа различни дејства, што се преплетуваат едни со други и истите честопати се спроведуваат во исто време со некои други мерки. Можни мерки за прилагодување (адаптација), кои ги поддржува Центарот за развој на Скопксиот плански регион во различни сектори, се наведени во продолжение:

▪ Земјоделство
  - подобрување на стопанисувањето со водите, на пример, преку системи за прибирање на дождовница или наводнување капка-по-капка
  - апликација за субвенции за развој на планските региони во областа на земјоделството и руралниот развој за општините
  - воведување пракси за заедничко одгледување земјоделски култури, што значи одгледување на различни растенија и житарки заедно, бидејќи со тоа се заштитува и се одржува квалитетот на почвата,
  - поддршка за користење нови видови растенија што се потолерантни на жештина, суша или влага и на големи дождови или поплави и сл.

▪ Инфраструктура
  - користење асфалт за патишта кој што ја апсорбира водата во случаи на поројни дождови, кога водата наместо да се излива и да тече по асфалтот, ќе се апсорбира на местото каде што ќе падне, а нема да ја оптовари градската канализација и сл.

- поставување на подземни контејнери
- воспоставување на систем за четиридимензионално следење на загадувањето на воздухот во Скопската котлина
- набавка на мобилни станици за мерење на нивото на загадување на воздухот
- набавка на мерни станици за контрола на квалитетот на воздухот и сл.

▪ Вода
  - реконструкција на водоводна, фекална и канализациона мрежа
  - развој на системите за водоснабдување
  - подобрување на системите за одведување и прочистување на отпадните води и развој на системи за одведување на атмосферските води
  - мерки и активности за заштита на поројни дождови и ерозија на одредени локалитети
  - заштита и одржување на животната средина и каналите во руралните области како превенција од еколошки и природни непогоди
  - определување на граници на заштитни зони, заштитни мерки и други услови за водите наменети за конзумирање
  - одржување и обнова на мочуриштата, бидејќи во таквите екосистеми водата се филтрира, пречистува и зачувува. Во нив се собира и се складира водата од поплавите.

▪ Човеково здравје и добросостојба
  - реконструкција на образовни институции/објекти
  - зголемување на капацитетите во образовниот сектор
  - подобрување на условите за престој во образовните институции за лица со посебни потреби
  - поддршка за отворање градинки и домови за стари лица
  - подобрување на условите за движење на лицата со посебни потреби
  - садење дрвја и проширување на зелените површини, со цел да обезбедат сенки и да се намали топлината што се акумулира по населените места, како и справување со надојдените води, при невреме и сл.

Политиките и мерките за ублажување и прилагодување кон климатските промени, кои ги поддржува Центарот за развој на Скопксиот плански регион се наведуваат во годишниот Акционен план.

## 4. Управување со животната средина и социјалните аспети

Оваа Политика го утврдува начинот на кој Центарот за развој на Скопскиот плански регион ќе ги решава влијанијата врз животната и социјалната средина од неговите проекти преку:

- дефинирање на соодветни улоги и одговорности за Центарот за развој на Скопскиот плански регион и неговите клиенти во подготовката, спроведувањето и работењето на проектите,
- воспоставување на стратешката цел за промовирање на проекти со значителни придобивки за животната и социјалната средина и

- интегрирање на аспектите за одржливост на животната и социјалната средина во сите негови активности.

Преку своите процеси на проценка и следење на животната и социјалната средина, Центарот за развој на Скопскиот плански регион ќе се стреми да се осигури дека проектите се подготвени, спроведени и управувани во согласност со важечките регулаторни барања и **најдобрите меѓународни практики** (НМП). Најдобри меѓународни практики се однесува на примена на професионални вештини, посветеност, внимателност и предвидување, кои разумно би се очекувале од квалификувани и искусни професионалци ангажирани во ист вид на активности под исти или слични околности на глобално или на регионално ниво. Како резултат на таквите активности проектот треба да ги користи најсоодветните технологии во околностите, коишто се специфични за него.

Центарот за развој на Скопскиот плански регион потврдува дека клиентите и нивните деловни активности се одговорни да ги почитуваат **човековите права** и дека истото е составен дел од еколошката и социјалната одржливост. Оваа одговорност вклучува почитување на човековите права, избегнување на прекршувањето на човековите права на други лица и справување со негативните влијанија, кои нивните деловни активности би можеле да ги имаат врз човековите права или кон кои тие би можеле да придонесат.

Центарот за развој на Скопскиот плански регион смета дека **родовата еднаквост** е основен аспект на една модерна, високо функционална пазарна економија и на едно демократско општество.
Центарот за развој на Скопскиот плански регион се стреми кон позитивното родово влијание на проектите преку промовирање на **еднакви можности** и социо-економска еманципација на жените, особено во однос на пристап до финансии, услуги и вработување.
Центарот за развој на Скопскиот плански регион очекува неговите клиенти да ги идентификуваат сите потенцијални родово-специфични и непропорционални негативни влијанија и да се обврзат да подготват мерки за ублажување со цел да ги намалат таквите влијанија.

Центарот за развој на Скопскиот плански регион ќе оцени до кој степен промените на тарифите предизвикани од проектите, можат да создадат проблеми во однос на достапноста на основните услуги за обесправените и/или **ранливите групи на население** и ќе осигури дека се подготвени и применети ефикасни програми за решавање на ова прашање. Ранливи групи се однесува на лица, кои врз основа на половата припадност, етникумот, возраста, хендикепот, економски неповолната положба или социјалниот статус, можат да бидат засегнати од проектните влијанија на понегативен начин отколку другите и кои можат да бидат ограничени во нивната можност да полагаат право на или да ги искористат придобивките од проектот. Ранливите поединци и/или групи исто така можат да опфаќаат и лица, кои живеат под линијата на сиромаштија, бездомници, стари лица, жени и деца, бегалци, внатрешно раселени лица, етнички малцинства, заедници, кои се зависни од природните ресурси или други раселени лица, кои не можат да добијат заштита според националното и/или меѓународното законодавство.

Центарот за развој на Скопскиот плански регион ја признава важноста на решавањето на причините и последиците од климатските промени. Секогаш кога е соодветно, Центарот за развој на Скопскиот

плански регион ќе инвестира во **иновативни проекти** и ќе нуди техничка помош за поддршка на инвестиции, кои не произведуваат или имаат ниска емисија на јаглерод диоксид и на можности за ублажување и прилагодување кон климатските промени, а исто така ќе се стреми кон утврдување на можностите за намалување на емисијата на гасови во проектите поддржани од негова страна.

Центарот за развој на Скопскиот плански регион е посветен на **безбедноста и здравјето при работа** и ги обезбедува сите барања при спроведување на проектинте активности согласно законските и подзаконските акти од обалста.

Со спроведувањето на оваа Политика, Центарот за развој на Скопскиот плански регион ќе гради партнерски однос со клиентите со цел да им помогне во подобрување на резултатите од нивните активности, подобрување на долгорочната одржливост, како и зајакнување на нивните капацитети за управување со животната и социјалната средина.

Центарот за развој на Скопскиот плански регион очекува од клиентите да управуваат со прашањата од областа на животната и социјалната средина поврзани со проектите.

Сите проекти се предмет на проценка на влијанијата врз животната и социјалната средина со цел Центарот за развој на Скопскиот плански регион полесно да одлучи дали проектот треба да се финансира и ако е така, на кој начин животната и социјалната средина треба да бидат опфатени во планирањето, спроведувањето и работењето на проектот. Проценката треба биде соодветна на природата и обемот на проектот, како и да биде пропорционална на обемот на влијанија врз животната и социјалната средина и прашања со соодветно почитување на хиерархијата на мерки за ублажување на влијанијата. Проценката треба да оцени дали проектот може да се спроведе во согласност со оваа Политика и вклучува оценување на потенцијалните финансиски, правни и репутациски ризици, како и идентификување на потенцијални можности за животната и социјалната средина.

Центарот за развој на Скопскиот плански регион ќе располага со соодветен кадар за надзор на процесот на проценка на влијанијата врз животната и социјалната средина и следење и за иницирање и подготовка на проекти што се поволни за животната и социјалната средина.

Центарот за развој на Скопскиот плански регион може да ангажира некоја трета страна како специјализиран советник за да помогне во оценувањето на специјализирани или технички прашања.

Центарот за развој на Скопскиот плански регион ќе објавува Годишен извештај за прашања поврзани со одржливост на животната и социјалната средина, активностите и спроведувањето на оваа Политика.

Центарот за развој на Скопскиот плански регион ќе се води според начелото на претпазливост во својот приод кон заштитата, зачувувањето, управувањето и одржливото користење на живите природни ресурси и ќе бара релевантните проекти да вклучуваат мерки за заштита и онаму кадешто е изводливо, подобрување на екосистемите и биолошка разновидност, кој тие го одржуваат.

Центарот за развој на Скопскиот плански регион е посветен кон почитувањето на начелата на транспарентност, отчетност и вклучување на заинтересираните страни. При тоа, редовно ќе објавува сумарни информации за резултатите поврзани со животната и социјалната средина.

## 5. Заклучок

Центарот за развој на Скопскиот плански регион во својот акционен план обезбедува конкретни програми за ублажување на климатските промени од страна на сите заинтересирани страни.

Центарот за развој на Скопскиот плански регион се фокусира на сведување на минимум на емисиите на стакленички гасови при проектните активности и активно справување со предизвиците на климатските промени.

Од сите лица и деловни партнери, кои вршат услуги за или во име на Центарот за развој на Скопскиот плански регион се очекува да се свесни за оваа Политика и да работат усогласено со националните и со меѓународните закони за животна средина и со соодветните обврски, услови или задолженија во врска со животната средина.

Обврската за грижа за животната средина се смета за дополнителен елемент на долгорочната соработка со добавувачите и деловните партнери.

Центарот за развој на Скопскиот плански регион отворено ги известува заинтересираните внатрешни и надворешни чинители за својот напредок во намалувањето на влијанието врз животната средина и ги охрабрува за соработка со цел подобро да се разбере влијанието врз животната средина и да се изнајдат применливи решенија, притоа споделувајќи знаење и најдобри практики.

## 6. Имплементација и ревидирање на Политиката за животна средина и социјални аспекти

Оваа Политика ќе се разгледува најмалку еднаш годишно и може да биде изменета или ажурирана со одобрување од страна на Советот за развој на Скопскиот плански регион.

Политиката за животна средина и социјални аспекти може да се ревидира во случај:

- да се воведат нови правила и принципи и/или значителни промени во легислативната и регулаторната рамка со која се уредува областа на животнта и социјалната средина
- да се усвојат нови меѓународни најдобри практики поврзани со еколоќката и социјалната одржливост и сл.

Центарот за развој на Скопскиот плански регион ќе обезбеди соодветни и погодни ресурси за спроведување на овие политики и насоки и се обврзува на навремено информирање и објавување пред вработените и засегнатите страни.

Оваа Политика е целосно поддржана од највисокото раководство и е одобрена од Советот за развој на Скопскиот плански регион.

Скопје, 14.12.2020 година

**Центар за развој на**
**Скопски плански регион,**
Раководител,
М-р Љупчо-Кец Мицковски

(потпис)